**Известување за концентрација со која физичко лице Тодор Анѓушев, Скопје, Република Северна Македонија, ќе стекне контрола над Друштво за технички прегледи, испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје, Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-29/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.01.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **физичко лице Тодор Анѓушев**, **Република Северна Македонија** ќе стекне контрола над **Друштво за технички прегледи, испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје**, со седиште на Бул.Свети Климент бр.30-1/, Скопје – Центар, **Република Северна Македонија**.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Тодор Анѓушев** во моментот е еден од сопствениците во **ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС** ЕМС ДОО Скопје и истиот е и управител, со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет.

Дејноста на **Друштво за технички прегледи, испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје** претставува техничко испитување и анализа. Целното Друштво е активно во полето на изведување програми за одржување во индустријата на обновлива енергија, со респонзивни, плански, превентивни и надвор од работно време пакети во Република Северна Македонија.
**ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје** работи и како инспекциско тело, изведувајќи периодични и годишни тестирања на електрична опрема и на електрани.

Според подносителот на известувањето за целите на оценка на предметната концентрација, релевантниот пазар се однесува на пазарот на одржување на опрема во индустријата на обновливи извори на електрична енергија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.01.2024 година
Скопје